EIŽ PROGRAM DODJELE STIPENDIJA

POTPORA ZA ZNANSTVENO-ISTRAŽIVAČKI RAD

# ПРИДОНЕСОТ НА ЦРКВАТА ВО СПРЕЧУВАЊЕТО НА РОДОВО БАЗИРАНОТО НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ

**м-р Билјана Петковска**

**EIŽ:** Četvrt kralja Slavca 3, 21310 Omiš – Hrvatska T: +385 21 862 599 **F**: +385 21 757 085 **E**: eiz@eiz.hr **OIB**: 48843342564

# *Биографија*



М-р Билјана Петковска[1] е родена во 1968 година. Основното и средно образование го завршува во Скопје. Во 1991 г. дипломира при Православниот богословски факултет во Скопје, на тема: *Црквата како фактор во воспитанието на децата*. Подоцна се запишува на постдипломски студии од обласtа на националната историја при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј " во Скопје, кадешто успешно го одбранува магистерскиот труд: *Битолската Богословија "Св. Јован Богослов" од 1922 до 1941*.

Во периодот од 1991 до 1998 г. работи како технички уредник во Одделот за просвета при Македонската Архиепископија. Потоа е вработена како вероучител при храмот "Св. Димитриј" во Скопје. Од 1999 г. е редовно вработена на Православниот богословски факултет во Скопје, најнапред како *шеф на студентски прашања*, а од 2013 г. како *секретар* на Факултетот.

Учествувала на голем број на меѓународни научни и екуменски форуми и средби на млади христијани низ цела Европа. Истотака е соучесник во голем број на меѓурелигиски средби во РС Македонија, кои за цел ја имаат промоцијата на жената-верничка во нашето општество. Со ЕИЖ соработува од 2019 г.

[1] Би сакала да изразам голема благодарност до организацијата Екуменска иницијатива на жените од Омиш, Хрватска, која ја овозможи реализацијата на оваа студија. Воедно се нагласува дека употребата на терминот „род“ во трудот е разбран како бинарна категорија.

## Апстракт

Православното христијанско учење укажува на целосна еднаквост на мажите и жените во однос на статусот, вредноста и достоинството (Битие. 1,26-28; Гал. 3,28). Сепак, злоупотребата на патријархалните културни стереотипи низ историјата па сѐ до денешно време, дава основа за родово базираното насилство врз жените, а во исто време и за негово оправдување. Таквите практики се последица на обичаите и традицијата, а не на вистинското православно учење.

Ова тврдење е образложено во трудот со користење на христијанско-антрополошкиот метод, методот на докажување, како и историскиот метод кој дава можност за набљудување на проблемот од различни аспекти, како од културен и религиозен, така и од општествено-политички. Понатаму, преку употребата на аналитичкиот метод, во трудот се анализирани потеклото и развојот на родово базираното насилство врз жените и предложени се соодветни алтернативи како можен придонес на Православната црква во превенцијата на овој вид насилство.


**Клучни зборови:** насилство врз жените, родови стереотипи, патријархат, религија, Православна црква, православна доктрина.

## 1. Вовед

Модерните животни текови сè почесто, во сè поголем обем и сè подлабоко го етаблираат насилството во различни форми, околности и средини. Секојдневно сведочиме на многубројните изблици на насилно однесување во семејствата, на работните места, на улица. Насилството претставува сериозна општествена појава, а последиците од насилството во голема мера се фатални. Иако самиот феномен е исклучително комплексен и секогаш бара посебна, контекстуална дефиниција, сепак, на самиот почеток, ќе ги истакнам базичните проблематични аспекти на оваа појава во општеството.

Самиот термин насилство се смета за еден од најупотребуваните термини во јавниот дискурс (Dietrich, Mayordomo 2005, 11). Насилството е дефинирано од страна на Светската здравствена организација како намерна употреба на физичка сила или моќ против себе, друго лице или против група или заедница, што резултира или има голема веројатност да резултира со повреда, смрт, психолошка повреда, спречување на развојот или лишување (World Health Organization, 2002, 14). Поедини авторки и автори сметаат дека насилството, во својата суштина, претставува антрополошка аномалија која најчесто е поделена во два правци: можност и способност ние да го повредиме другиот и обратната перспектива, можност и способност другиот да нѐ повреди и да изврши насилство врз нас. Во сферата на психолошко-социјалните истражувања, овој феномен се смета како дел од човековата природа и не подлежи на никакви посебни предуслови (Fischer, 2013, 13).

Спектарот на општествено-социјалните случувања кои можат да се означат како насилство е навистина општирен. Формите на насилство, како што се: тероризам, убиство или пак физички напад на друго лице, се исклучително добро познати, но постојат и други форми на насилство, кои се присутни во секојдневието на луѓето. Тука станува збор за социјалното, психолошкото, економско или вербалното насилство. Бидејќи е сложена појава, насилството по правило влијае врз повеќе сфери од животот на лицата кои се жртви на насилство (според Cornell и сор., 1996, стр. 785).

Насилството треба да се препознае во секој облик. Така, на пример, како видови на физичко насилство се јавуваат следниве: удирање, тепање, давење, туркање, удирање

шлаканици, закана за употреба или употреба на оружје, следење, удирање со предмети, заклучување на друго лице, лишување на лицето од потребните лекови, спречување на лицето да побара медицинска помош, принудна злоупотреба на супстанци, кршење, оштетување, крадење, спречување на партнерот да го напушти итн.

Психичкото насилство се изразува преку вербални закани, понижување, употреба на навредливи зборови, постојано критикување или деградирање на жртвата, викање со цел да се заплаши жртвата, обвинување, опсесивна љубомора, злоупотреба и закана за повредување на децата на жртвата и закана на насилникот дека ќе се повреди самиот.

Во видови на економско насилство спаѓа: забрана на лицето да работи, загрозување на вработувањето преку креирање конфликтни ситуации на работното место од страна на насилникот, контролирање на придонесите, сметките во банка и сопственоста на жртвата на насилство, одземање на приходите на жртвата, фалсификување на потпис итн.

Под сексуално насилство се подразбира несакано допирање, понижувачки забелешки за телото и изгледот на жртвата, критикување за сексуалната историја на жртвата, присилување на секс или сексуални активности со насилникот, силување, присилување на жртвата на секс со други лица, изложување на жртвата на сексуално преносливи болести, несакани садистички сексуални активности итн.

Посебна врста на насилство е она кое е насочено кон припадничките и припадниците на разни општествени групи, а во чија основа е нетрпеливост на чинителот на насилството кон некоја нивна одлика, најчесто „различноста“ во однос на групата на која самиот ѝ припаѓа. Феминистичките авторки и автори истакнуваат дека родово базираното насилство, како што е она насочено кон најбројната ранлива општествена група на планетата, од гледна точка на неговиот мотив, е најпогубно од сите видови на насилство затоа што почива врз злоупотребата на широкораспространети и длабоко вкоренети патријархални обрасци кои проникнуваат во различни аспекти на животот и на денешното човештво. Тоа е причината зошто акцентот во овој труд го поставувам на родово базираното насилство врз жените и улогата на Македонската православна црква – Охридска архиепископија во превенцијата на овој вид насилство во Република Северна Македонија.

### 1.1. Родово базирано насилството и насилството врз жените

Во последните години многу често можеме да слушнеме за насилство кое во својата основа е родово базирано. Сепак, тоа не значи дека станува збор за „нов“ вид на насилство, досега неприсутен во човековата историја и едноставно карактеристичен за нашата епоха. Напротив, родово базираното насилство било присутно во секоја епоха (Fischer, 2013, 83).

Најчесто, на удар на родово базираното насилство се наоѓаат жените, кои се подложни на сите видови на родово базирано насилство со посебен акцент на психолошкото, социјалното, економското, вербалното, физичкото и сексуалното насилство.[2] Тука природно се отвора прашањето за потеклото на родово базираното насилство. Според Перовиќ – Ивановиќ, централен и основен проблем кој доведува до родово базирано насилство е историската неправедност во којашто жените и мажите немале иста општествена моќ (Perović-Ivanović, 2021, 14). Ова довело до потполно спречување на жените да напредуваат подеднакво со мажите во сите сфери на општествениот живот - форма на дискриминација преку која мажите ја покажувале својата доминантност во општеството. Општествената моќ, која била во рацете на мажите, дозволувала тие да ги наметнуваат своите сопствени интереси, решенија или промени, што во некои случаи резултирало со најразлични форми на дискриминација, но и насилство врз жените кои биле доживувани како „понежен“ пол. Тоа е редовна појава во патријархалната матрица на стереотипни родови улоги и злоупотреба на моќ (Bahlieda, 2015, 17).

Денес, насилството врз жените во светски рамки се третира како сериозна форма на кршење на човековите права и токму затоа Советот на Европа во 2011 година ја усвои Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (т.н. Истанбулска конвенција). И во Република Северна Македонија во 2021 година е донесен Закон за спречување и заштита од насилството, во кој насилството врз жените и

[2] Според истражувачкиот извештај: ‘Facts and Figures: Ending Violence against Women’ на Агенцијата за родова еднаквост и зајакнување на жените при Обединетите нации (UN Women), се проценува дека од 81.000 жени и девојки кои биле намерно убиени во 2020 година на глобално ниво, повеќе од половина (47.000 или 58%) биле убиени од интимни партнери или членови на семејството, што е еднакво на убиство на жена или девојка во нејзиниот семеен дом на секој 11 минути (https://www.unwomen.org/en/what-we-do/ending-violence-against-women/facts-and-figures#notes).

родово базираното насилство се третираат како посебни феномени на насилство (Службен весник на РСМ, 2021, 1).

Според овој Закон, „*насилството врз жените е дефинирано како кршење на човековите права, дискриминација врз жените и ги означува сите дејствија на родово базирано насилство што доведуваат или веројатно ќе доведат до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи директни или индиректни закани и заплашување за такви дејствија, изнуда, произволно ограничување и/или лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот*“ (исто, 2).

„*Родово базираното насилство врз жените е насилство насочено против жената затоа што е жена или коешто несразмерно ја погодува. Родово базираното насилство врз жените ги опфаќа причините и резултатот од нееднаквиот однос на моќта помеѓу жените и мажите како резултат на општествен, а не индивидуален проблем*“ (исто).

Истиот Закон го дефинира и семејното насилство како: „*малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија, спрема брачен другар, родителите или децата...*“ (исто).

Законот наложува органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа и другите надлежни институции да ги спроведат пропишаните обврски и регулативи, но и покрај тоа, родово базираното насилство, во сите негови форми, е секојдневие во животот на жените. Според истражувањето спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените во Северна Македонија, речиси половина (45 %) од жените доживеале некаква форма на насилство од интимен партнер (физичко, сексуално и/или психолошко) од 15-годишна возраст, додека речиси секоја трета жена (30 %) доживеала сексуално вознемирување. Податоците покажуваат дека повеќе од 80 % од жртвите на семејно насилство се жени.

Распространетоста на насилството врз жените во Северна Македонија е значително пониско од другите Европски држави, што укажува на постоењето страв и срам од пријавување и недоверба во институциите. Исто така, загрижува фактот што трипати повеќе жени сметаат дека домашното насилство е приватна работа што треба да остане во семејството, во споредба со жените ширум Европската Унија, а значителен број жени сметаат дека некое „помало“ насилство е нормално однесување. Сексизмот и сексистичкото однесување се поврзани со насилството врз жените и девојките, при што делата на „секојдневен“ сексизам се дел од континуитетот на насилство создавајќи атмосфера на заплашување, страв, дискриминација, исклученост и несигурност, со што се ограничуваат можностите и слободата на жените и девојките. Родовите стереотипи и предрасуди ги обликуваат нормите, однесувањето и очекувањата на мажите и момчињата, што доведува до сексистички акти. Сè уште доминираат стереотипните традиционални верувања за местото и улогата на жените и на мажите во домот и во општеството, кои претставуваат пречка за напредокот на жените во речиси сите сфери од приватниот и јавниот живот. Мажите сè уште се сметаат за доминантни во домот и во јавниот живот, додека од жените се очекува да ги стават сопствените потреби и амбиции на лично и професионално поле на второ место и да се посветат пред сè на домаќинството. Постои значителна бројка жени (37 %) кои сметаат дека жената треба да му се покори на сопругот, дури и ако таа не се согласува, а слична бројка (32 %) сметаат дека е важно мажот да покаже на својата партнерка кој е главен. Исто така, секоја трета жена покажува сомневање во исказите на други жени што пријавиле малтретирање или насилство (ОБСЕ, 2019, 13-21).

Податоците на Министерството за труд и социјална политика, во Северна Македонија покажуваат дека бројот на жени – жртви на семејно насилство во последните четири години се зголемил двојно. Од анализите на Министерството може да се увиди дека бројот на жртви во 2018 година изнесувал 919, од кои 665 биле жени, додека во 2021 година нивниот број се искачил на 1608, од кои дури 1190 биле жени. Најголем дел од нив преживеале форми на физичко или психичко насилство. Слични податоци имаат и во Министерството за внатрешни работи, чии извештаи покажуваат дека најголем број од жртвите се сопругите, а потоа родителите и децата. Во извештајот се констатира:

*„Најчесто жртви на семејното насилство се жените – 77%, а во однос на роднинската врска со сторителите, во 38,5% како жртва на семејно насилство се јавува сопругата. Најголем дел од кривичните дела или 84% се извршени со употреба на физичка сила или закана, потоа 7,4% насилството е извршено со ладно оружје, а во 11 случаи во 2021 година е употребено огнено оружје“* (Паскоска, Петровска, 2022).

Од достапните податоци во литературата не е јасно дали бројот на случаи на родово, односно семејно насилство се зголемил во наведениот период бидејќи тоа навистина е почесто во однос на периодот пред 2018 година, или пак жртвите, поттикнати од новиот Закон, почесто го пријавуваат насилството. Ова е сомнеж во целиот регион, но и пошироко, бидејќи практично е невозможно да се утврди или докаже.

Оттука, несомнено произлегува заклучокот дека во Република Северна Македонија е потребна поопфатна и структурирана грижа и заштита на жртвите од семејно насилство, а за да се случи тоа важно е зголемување на свесноста кај граѓаните за овој проблем, преземање на колективна одговорност и конкретни мерки за превенција и заштита на жртвите од насилство. Токму затоа одговорноста за намалување на ризиците од појава на насилство и заштита на жените ја бараме кај сите локални и национални институции, вклучително и црквите и другите верски заедници во Северна Македонија. Како дел од општеството, црквите и другите верски заедници, имаат одговорност, а со тоа и должност и обврска да го препознаат родовото насилство и да се спротивставаат на него. Тие треба да испратат јасна порака за неприфатливоста на насилството и сериозна заложба за системски промени кои ќе водат до соодветен, навремен и сеопфатен одговор кон овој проблем.

### 1.2. Христијански поглед на родово базираното насилство и насилството врз жените

Христијанскиот поглед на насилството е исклучително јасен: секој вид на насилство се смета како грев против достоинството на човекот, кое е дадено од Бога на секое човечко битие. Во однос на насилството врз жените, во христијанството се разбира како директно скврнавење на Бога, Кој е роден од жена. Така, од телото на жената дојде спасението на

човечкиот род. Затоа, како се однесуваме кон жената, така и го разбираме своето ниво на човечност. Според зборовите на папата Франциск, „жената го става на срце животот и благодарејќи на нејзините дарови се гради подобар свет и мир, затоа треба да се штити нејзиното достоинство“ (Папа Франциск, 2020). Но, во истото обраќање до верниците, папата нагласува дека и покрај тоа што жените се извор на животот,[3] често не се почитуваат, постојано се навредувани, удирани, силувани, наведувани на проституција и убивање на животот кој го носат во утробата.

Зголемувањето на случаевите на насилство врз жените придонесе овој проблем да биде често поставен како предмет за дискусија во црковните парохии. Како треба да реагираат христијаните на родово базираното насилство на жените и насилството на жените во семејството? Како треба да се советуваат верничките кои се жртви на насилство и како може Црквата да им помогне? Овој труд има за цел да даде придонес за поголемо разбирање за тоа што кажува Библијата за здравите односи помеѓу жената и мажот и како да се спречи насилството врз жените. Сите ние сме повикани да ја препознаеме распространетоста и сериозноста на насилството, сочуствително одговарајќи на оние кои се изложени на тоа и овозможувајќи им несебична помош преку практична и духовна поддршка.

## 2. Библиска перспектива за вредноста на секој човек

Првото поглавје од Библијата вели дека сите луѓе се создадени според Божјиот лик и имаат исто достоинство и вредност во Божјите очи:

> *„Бог рече: ′Да создадеме човек според Нашиот образ (и) според Нашето подобие, кој ќе биде господар... ′ И Бог го создаде човекот според образот Свој, според образот Божји го создаде; машко и женско ги создаде“* (Битие 1, 26-27; види исто: Битие 5,2-3; Дела 17,25-26; Јаков 3,9).

[3] Во христијанството, раѓањето на Месијата е дар за сите луѓе. Способноста за раѓање, како извор на животот е посебен дар на жените, но не и единствен по кој жената треба да биде вреднувана.

Затоа, од сите верници се бара да се почитуваат и уважуваат меѓусебно и да придонесуваат за благосостојбата на секое човечко битие. Апостолот Павле, пак, им вели на Римјаните:

„*Со својата братска љубов сакајте се срдечно едни со други; натпреварувајте се во почитувањето еден кон друг*“ (Рим. 12, 10; види исто: Рим. 15, 1-2; Гал. 6,2; Кол. 3, 12-13).

Не постои пристрасност или дискриминација во Христа врз основа на социјалната класа, финансиската состојба, полот или расата. Светиот апостол Павле го објаснува ова во следниот библиски цитат: „Нема веќе ни Јудејци, ни Елини, ни роб, ни слободен; нема машко – женско; зашто сите вие сте едно во Христос Исус“ (Гал. 3,28). Повикани сме да се „покоруваме еден на друг во стравопочит Божји“ (Ефес. 5,21); и бидејќи ја имаме силата на Светиот Дух, овие високи стандарди на взаемните односи се возможни да ги оствариме (според Гал. 5,22-26; Кол. 3,8; 4,5). Ваквите меѓучовечки односи го вклучуваат она што треба да го оставиме на страна: гнев, лутина, злоба, клевета, срамни зборови, како и она кон кое треба да се стремиме: милост, добрина, понизност, кротост и долготрпеливост (според Кол. 3,5-10). Овие очекувања светиот апостол Павле ги упатува до сите христијани, што значи кон тоа треба да се стремат подеднакво и жените и мажите.

Светото Писмо прокламира совршена љубов, која сме повикани да ја оствариме во сите наши меѓучовечки односи:

*„Љубовта е великодушна, полна со добрина, љубовта не завидува, љубовта не се превознесува, не е горделива, не е непристојна, не бара свое, не се срди, не памти зло, не се радува на неправда, туку се радува на вистина, сè покрива, во сè верува, на сè се надева, сè поднесува. Љубовта никогаш не престанува“* (1 Кор. 13, 4-8).

Важно е да се истекне дека ваквата безусловна љубов на која нè поучува Светото писмо не подразбира да се трпи насилството. Бог не нè создал за да живееме со насилство – да трпиме насилство или да вршиме насилство. Жените, пак, подеднакво имаат право на живот без насилство. „Господ го испитува и праведникот и безбожникот, а Неговата душа

ги мрази оние што уживаат во насилство“ (Псалм 10,5). Дали жената со заминувањето од насилниот партнер го руши семејството и светоста на бракот, или семејството го разрушува самото насилство. Дали Бог ја осудува жената која поради насилство го напушта сопругот, или го осудува насилството? Бог сака да живееме во мир и сочувствителни односи. Верата треба да нè изгради да бидеме отворени за љубов, а не за грубост; да бидеме нежни, а не сурови. Бидејќи „ние мнозина сме едно тело во Христос, а секој поединечно сме органи еден на друг“ (Рим. 12,5).

## 3. Библиско-историска перспектива на родово базираното насилство врз жените

Во ова поглавје е претставена злоупотребата на влијанието на патријахалното структурирано општество низ вековите врз причините за насилство над жените, а во исто време и за негово оправдување. Издвоени се поедини неконтекстуални и идеолошко насочени толкувања на одредени цитати од Светото писмо, кои се чини дека под влијание на патријархатот, жената ја претставуваат како „релациско суштество“, така што да биде присоединета на судбината на мажот треба да е нејзина привилегија. Ова довело до прашањето дали инфериорноста на жената се должи на самата нејзина природа или на социолошките услови што не се промениле илјадници години?

### 3.1. Патријархатот како библиски концепт

Уште при првото читање на Стариот завет, може лесно да се забележи голем број на наративи и сведоштва за секојдневниот живот на стариот Израил во кој патријархатот е исклучително нагласен и претставува единствена форма на управување, како во самото семејство, така и во општествениот живот. Но, тоа не претставува случај само за стариот Израил, туку за сите патријархално структурирани општества. Станува збор за социјално-културолошки систем, во кој одреден број на мажи презентираат моќ и авторитет врз останатата заедница составена од мажи, жени, деца, но и робови (Sals, Frau, 2006).

Патријархатот добро утврден во стариот Израил, почнува без никакви потешкотии да биде употребуван како клучен елемент и во останатите култури. Така, во антички Рим се

развива добро познатиот модел “pater familias”, согласно кој најстариот машки член во семејството претставува глава на целото семејство. Проблематиката е навистина многу покомплицирана отколку што изгледа. Мажот, како главен во семејството имал право да одлучува за активностите на сите членови од семејството. На пример, таткото бил тој кој одлучувал за кого ќе се омажи неговата ќерка и согласно тоа неговиот збор бил одлучувачки во целиот процес (Lehner, 2001).

Вака поставениот систем се пренесувал од генерација на генерација и бил разбиран како сосема вообичаен и нормален. Сепак, согласно современите размислувања, главната проблематика на овој архаичен систем не е неговиот сексуално-етички аспект, туку робовладетелскиот концепт.

### 3.2. Односот маж-жена во Библијата

Комплексната антрополошка тема за односот маж-жена во Библијата е исклучително важна за развитокот на теологијата и зазема посебно место во неа. Имено, уште на самиот почеток на Стариот завет, во Првата книга Мојсеева, можеме да прочитаме дека односот стои во центарот на извештајот за создавањето, каде што се вели дека Бог го создаде човекот машко и женско, не правејќи никаква дистинкција меѓу нив (сп. 1 Мој. 1,27). Често се отвора и прашањето околу потребата на два различни пола при создавањето на човекот - прашање, коешто за свој одговор ја има потребата од однос, во конкретниот случај однос помеѓу мажот и жената. Понатаму можеме да прочитаме дека мажот и жената се создадени еден за друг, да си помагаат (сп. 1 Мој.2, 18,20). Овој концепт можеме да го сметаме за исклучително правилен во секојдневната релација маж-жена. Важно е да се нагласи дека иако начелно мажот и жената се создадени како различни по своите улоги во општеството, целта им е заедничка: тоа е остварувањето на однос помеѓу две рамноправни човечки битија, двајцата подеднакво создадени според Божјиот лик и подобие.

Сепак, брачниот однос и заедницата помеѓу мажот и жената не е резултат на човековата мудрост, туку Бог, во својата премудрост, го промислува овој однос со крајна цел на заедништво. Уште од самите свои почетоци, односот помеѓу мажот и жената е

совршено осмислен и посебно нагласен. Мажот и жената треба да постанат едно тело (сп. 1 Мој. 1,24), заедно да ја обработуваат и да управуваат со земјата. Ова се начелните библиски концепти кои го формулираат односот помеѓу мажот и жената (спореди: Jovkovska, 2021).

Како што е познато, падот на човекот донесува немир на земјата, а воедно почнува да ја нарушува и начелно совршената заедница помеѓу мажот и жената. Перспективите се искривуваат, па под влијание на различните општествени концепти но, и преку влијание на грчката филозофија, жената веќе не е рамноправна со мажот. Односот securepolека почнува да ја губи својата првобитна замисла (Dietrich, Mayordomo, 2005, 41).

### 3.3. Постои ли теолошко оправдување за потчинетоста на жената во однос на мажот?

Темата за теолошката основа за потчинетоста на жената во релација со мажот, посебно во брачната заедница - однос кој во својата основа треба да ја има љубовта, е комплексна. Познавајќи ги христијанските начела, оваа тема воопшто не треба да биде тема на дискусија, сепак, одредените историско-општествени ситуации и контексти бараат одговор на истата.

Во Библијата е нагласено дека мажот и жената се создадени според образот Божји - создадени да си помагаат без никакви претензии за демонстрирање на моќ еден врз друг. Оваа дефиниција би требало да ни претставува основа во сите понатамошни теолошки интерпретации на релацијата помеѓу жената и мажот.

Но, сепак улогата и влијанието на различни културолошко-социјални случувања може да се забележи и во развитокот на одредени теолошки размислувања кои всушност претендираат да го нагласат односот во кој жената му е потчинета на мажот (Johnson, 2006, 145). Различните Божји претстави во Библијата, богослужбите, но, и подоцнежната христијанска литература одиграле голема улога во нагласувањето на супериорната улога на мажот. Лесно може да се забележи дека во Библијата Бог секаде е претставен во машки род што некому можеле да послужат како основа за аргументација за инфериорната позиција на жената во однос на мажот (спореди: Moga, 2019).

Поедини теолошки интерпретации почнале да навлегуваат во секојдневниот живот на Црквата. Сосема спротивно од начелното библиско учење, во историјата на христијанството можеме многу често да забележиме периоди во кои жената воопшто не се сметала за создадена според образот Божји. Апсурдот продолжува и жената се смета за слика на мажот кој е всушност создаден според образот Божји. Јасно е дека ваквите изјави кои претендираат да имаат теолошка основа, допринеле жената да ја изгуби својата функција во јавниот живот (спореди: Anić, 1990, 291-292).

Тука многу лесно може да се отвори и прашањето околу Господ Исус Христос и фактот дека тој бил маж. Станува збор за историска реалност којашто мора да биде почитувана и е исклучително важна, исто како што се важни и неговата раса, класа, етничка припадност, култура и религија (Johnson, 2006, 145). Проблематични изјави произлегуваат од опкружувањата кои се под силно влијание на патријархалниот систем, а не од Христос.

Фактот дека Христос бил маж не е воопшто проблематичен. Проблематична е очигледната ситуација во која мажите сѐ помалку се трудат да го имаат Христос за пример: мажи кои во својот секојдневен живот би го презентирале Христовиот начин на служење на другиот и би презентирале активна афирмација на љубовта (исто, 151). Тука може да се забележи дали станува збор за Христови следбеници или едноставно следбеници на патријархалниот концепт.

### 3.4. Библиско учење за превенција на насилството врз жените

Библијата сведочи дека пророците смело го разгласувале Божјото Слово во светот. Бог ги призвал нив за да го обзнануваат злото во светот, да се молат и да размислуваат за определени прашања. Пророците ги повикале и мажите и жените да ги преиспитаат своите ставови и да го променат своето однесување. Иако пророците честопати биле отфрлани од народот, тие останале верни на својата задача. Истиот модел важи и за современите христијански лидери. Мора да ја разбереме состојбата на нашето општество, да ја препознаеме неговата грешност и да се обратиме кон Бога да нѐ просветли како да го превенираме насилството врз жените. Сметам дека Црквата како заедница е целосно свесна за сериозноста на проблемот – за физичката, социјалната, економската, психолошката и

духовната штета нанесена на жените кои трпат насилство. Често христијаните не знаат како да постапат кога една жена е подложена на насилство. Сепак, повикот за христијанско сочувствување, но и делување е многу јасно опишан од пророците како што е Еремија: „Делете правда рано изутрина и избавете го угнетуваниот од рацете на угнетувачот“ (Јер. 21,12). Ова е моментот кога треба внимателно да истражиме што е кажано во Светото писмо, затоа што многу жени подложни на насилство, повторно станаа негови жртви поради непрокламирање на библиската вистина. Затоа е важно е да се оспорат заблудите за она што кажува Библијата за насилството врз жените. Несомнено е дека Библијата го осудува насилството. Има многу библиски пасуси кои зборуваат за тепање, насилство, силување, инцест, демнење, лажење, изврртување зборови на другите, заканување и заплашување. Библијата кажува и дека навредливото однесување е полно со сериозни последици: Бог нема да толерира надворешно побожни постапки кои кријат кавги или расправии и нема да ги слушне молитвите на луѓето кои така постапуваат (спореди: Исаија 58,4 и 1 Петр. 3,7).

## 4. Православна перспектива на родово базираното насилство врз жените

Во ова поглавје се поставува прашањето за тесната поврзаност помеѓу патријархатот и Православната црква. Во продолжението се отворени уште две потпрашања кои во својата суштина се поврзани со централното прашање. Имено, јавниот став на Православната црква против родово базираното насилство и од друга страна, злоупотребата на Светото Писмо и Светото Предание, со цел, оправдување на постоечкото родово базирано насилство.

### 4.1. Православната Црква и патријархатот

Доволни се основни познавања на современите ставови и позиционирањето на Православната црква во општеството за лесно да се воочат очигледните идентичности и дозата на поврзаност помеѓу патријархатот како систем и Православната црква. Културолошко-социјалните случувања во одредени историски моменти придонесуваат патријархатот да заземе цврста позиција во доминантно православните средини. Оттука и очигледната поврзаност помеѓу патријархатот и Православната црква.

Во својата суштина, прашањето за поврзаноста помеѓу патријархатот и Православната црква го има својот еквивалент, помеѓу останатото, и во прашањето за улогата на жената во Православната црква. Парадоксот е очигледен, иако најголем дел од присутните на црковните богослужби се жени, нивната активна улога во Црквата сѐ уште е во фаза на стагнирање. Ваквата позиција ја зацврстува и ја одржува во живот патријархалната форма на Православната црква. Ако отидеме еден чекор понапред и почнеме да размислуваме за можните решенија преку кои патријархатот би престанал да биде дел од секојдневниот живот на Црквата, ќе забележиме дека ситуацијата станува уште покомплексна. Канонски востановените патријархални структури во Црквата се одговорни за поредокот и можните промени во истата. Како такви, единствено овие патријархални структури имале власт да ги променат работите преку афирмација на православната жена во Црквата (спореди: Kizenko, 2013, 596). Тука, како проблематична се појавува уште една парадоксална ситуација - позицијата во којашто патријархалните структури го имаат последниот збор во решавањето на прашањето за местото и улогата на православната жена во Црквата (исто, 598).

Како што претходно веќе напоменав, потребно е да правиме јасна дистинкција помеѓу вредностите на патријархатот и Христовите вредности. Прва фаза во конечна реализација на оваа дистинкција е потребата од непоистоветување на овие два концепти. Патријархатот како идеолошки концепт, кој во својата суштина има презентација на моќ и Христовиот концепт, кој во својата суштина ја има љубовта.

## 4.2. Ставот на Православната црква во врска со родово базираното насилство врз жените

Поради големиот број на разни видови на насилства извршени на територии со мнозинско православно население, Православната Црква често го произнесува својот категоричен став со кој го осудува насилството. Но, подигањето на гласот и спротивставувањето на родово базираното насилство не е честа и вообичаена појава. Уште на самиот почеток констатиравме дека насилството врз жените е честа појава во македонското општество, но за негово превенирање не се преземаат доволно адекватни

мерки. Родово базираното насилство е присутно во нашето секојдневие и може да биде извршувано од страна на двата пола. Тука не постојат никакви предрасуди. Сепак, емпириските истражувања покажуваат дека најголем број на родово базирани насилства се извршени врз жените (ОБСЕ, 2019). Оттука, родово базираното насилство заслужува особено внимание и во пастирската дејност на Црквата преку едноставната, но, во својата суштина христијанска порака: љубовта и насилството не одат заедно. Вистинската љубов го исклучува насилството (спореди: Antic, 2010, 200-202).

Денес, може да се слушнат мудри гласови кои ја сфаќаат проблематиката и се трудат преку авторитетот кој го поседуваат во општеството да го нагласат овој проблем. Во скоро време таков е случајот со Српскиот патријарх г. г. Порфириј. Тој јавно го осуди родово базираното насилство и теолошки ја образложи оваа проблематика. Во еден од своите јавни настапи, патријархот Порфириј, директно го осуди овој чин на насилство, потенцирајќи дека секое човечко битие за Црквата претставува икона Божја. Со желба да се нагласи улогата на жените во Православната Црква, патријархот го зема примерот за Мајката Божја, која што е најпочитувана и најдостојна помеѓу целиот човечки род. Тоа е доказ, продолжува патријархот, дека Православната Црква на секоја жена, мајка, сестра или ќерка гледа како на икона Божја (Патријарх српски Порфирије, 2022). Патријархот туку го забележува главниот проблем - проблемот кој е присутен всушност во секој вид на насилство. Тоа е моментот кога заборавамe дека другиот, во конкретниот случај жртвата на родово базираното насилство, претставува икона Божја. Во самиот крај на своето громогласно и револуционерно кажување, патријархот нагласи дека оние кои се сметаат за православни христијани, не можат да бидат извршители на вакви дела и дека преку извршувањето на овие дела создаваат дополнителни рани на Телото Христово. Изразувам голема надеж дека овој пример на патријархот Порфириј ќе го следат и другите верски лидери и сè почесто ќе се обраќаат јавно до верниците осудувајќи го секој чин на родово базирано насилство врз жените.

### 4.3. Постои ли теолошко оправдување за насилството врз жените?

Во согласност со основниот христијански принцип - љубовта, прашањето околу теолошкото оправдување на насилството е бесмислено. Сепак историските и современите сомнежи покажуваат дека Црквата треба гласно и јавно да го промовира својот став во врска со родово базираното насилство врз жените.

Уште од самите почетоци на христијанството, но и во неговиот подоцнежен развиток, можат да се сретнат одредени интерпретации на Библијата кои имаат идеолошки насочувања и тенденција одредени општествено-социјални случувања да ги претставаат како автентично христијански. Во ваквите случаи постои директна злоупотреба на библиските мотиви, со цел легитимација на одредени насилни дејствија во Божјо име (спореди: Jäger, Werkner, 2018, 6).

Често, цел на вакви интерпретации се и посланијата на светиот апостол Павле, кој во повеќе наврати ја нагласува улогата на жената, не само во Црквата и за време на богослужбите, туку и во општествениот живот. Тука мораме да нагласам дека проблемот не се посланијата на апостолот Павле како такви, туку во интерпретацијата на истите. Интерпретацијата му дава живот на пишаниот збор, но, како што напоменав, поединечни интерпретации немаат секогаш за цел да ја прикажат вистината (Magda, 2020, 64-90; 104-152).

Таков е случајот со честите интерпретации на Првото послание на светиот апостол Павле до Коринтјаните. Едно од првите отворени прашања тука е покривањето на главата на жената за време на богослужбите. Но, ако овој дел од Павловото послание го читаме во неговиот историски контекст, ќе можеме автентично да го разбереме неговото кажување, а воедно да го решиме и присутното недоразбирање. Имено, во јудеохристијанскиот контекст, уште за време на апостолот Павле, на пуштената коса било гледано како на нехигиенска навика. Затоа во своето секојдневие, еврејските жени практикувале да ја носат својата коса средена и најчесто во плетенки (спореди: Schüssler, 1983, 284). Ова е само еден пример во кој можеме да забележиме дека станува збор исклучиво за практичен совет, без намера за никакво омаловажување на жената.

Тврдењата дека семејството по правило е засолниште за сите негови членови доведува до голема заблуда дека жената треба да го трпи семејното насилство, земајќи Го за пример

Христос кој невин пострадал за сите нас. Така жената би требало по секоја цена да го сочува семејството и бракот, особено заради децата, верувајќи дека нејзиниот сопруг ќе се преобрати преку нејзиното страдање (види Лука 4,28-30; Јован 8,48-59; 10,39; Марко 3,22-30). Вистина е дека Библијата зборува за правдата за оние кои страдаат како христијани и одбиваат да се одречат од својата вера. Сепак, добро познатиот пасус за страдањето во Првото послание на апостолот Петар е упатено до оние кои страдаат како христијани за време на прогонство, а не до христијаните кои дозволуваат да бидат злоупотребувани (види: 1 Петр. 2,18-19; 4,14-16). Иако Христос бил подготвен да го даде својот живот за да го обезбеди спасението на целото човештво, во други ситуации Тој се заштитил од суровост, клевета, измама, вербална и емоционална злоупотреба.

Друго погрешно разбирање е дека жената која е во брак со насилник треба поусрдно да се моли за да го „разреши“ злоставувањето, бидејќи би било погрешно таа да ја напушти брачната заедница.[4] Доколку бракот се цени пред безбедноста на жртвите, тоа може да сугерира дека жената и самата поттикнува насилство. Секако дека е пожелно заздравување на нефункционалните бракови, но кога насилникот одбива да се промени, жената која е злоупотребена, должна е да го заштити сопствениот живот и животот на нејзините деца. Таква заштита се должни да овозможат и останатите возрасни членови на семејството. Во насилни односи, најпосакувана опција е да се стави крај на насилството, бидејќи семејството во кое насилникот „царува“ е небезбедно место за неговите жртви.

Од горенаведеното важно е да нагласиме дека православните христијани, кои се склони кон правилно и автентично читање на Библијата, треба истата да ја читаат синхроно, поточно да ја читаат Библијата во целина. Ова е единствен начин да се одбегне селективната колекција на библиските цитати со единствена желба, аргументација на своите лични ставови и идеолошки убедувања (спореди: Behr, 2017).

## 5. Современи перспективи во Православната Црква

[4] Бракот е даден со цел да се обединат мажот и жената како едно тело во совршено соединување. Види Битие 2,24 и Ефес. 5,31.

Петтото поглавје прикажува конкретни примери за пастирската улога на православната жена во црквата. Во централниот дел на ова поглавје ни се презентирани размислувањата на дел од ерархијата на МПЦ, преку кои можеме да го забележиме јасниот став за улогата на православната жена не само во Црквата туку и во целото општество.

### 5.1. Гласот на Православната Црква против насилството

Иако теолошките архиви ни сведочат за голем број на православни изјави против актот на насилството, сепак тука накратко би сакала да го презентирам заедничкиот став на православните жени по повод насилството во светот, со посебен акцент на насилството во православните средини. Заедничката изјава е од 2019 година и по својата содржина е навистина уникатна (спореди: Sauca, Mihoc, 2022, 107). Уште во самиот почеток на изјавата, жените ја нагласуваат својата неоспорена улога во Црквата и потенцираат дека и тие се дел од Телото Христово. Секој којшто врши родово базирано насилство или било каков друг вид на насилство, предизвикува нови рани на Телото Христово.

Понатаму, во изјавата преку конкретни примери е прикажана пастирската улога на православната жена во современиот свет, особено во аспектот на обезбедување на мир, правда и стабилност во конкретните општества. Во моментот кога се споделуваат личните искуства, може да се забележи дека гласот на православната жена бил исклучително важен за пастирското возобновување на Албанската црква, преку градење на секојдневен мир и едукација на младите (исто, 111).

Предложените иницијативи и досегашните искуства прикажани во извештајот, ја потврдуваат важноста на женскиот глас во современото религиозно општество и ја признаваат улогата на православната жена во градењето на мирот и толеранцијата.

### 5.2. Улогата на Македонската православна црква во борбата против родово базираното насилство

Ставот на Македонската Православна Црква во однос на секој вид на насилство е исклучително јасен и добро познат на јавноста во Република Северна Македонија. Секогаш

кога има потреба од реакции поврзани со одреден насилен чин, извршен врз поединец или врз група на луѓе, Црквата е една од првите институции во државата која настапува со свој став во јавноста. Тоа е уште еден во низата примери преку кои Црквата се покажува како вистинска застапничка на евангелската порака за ненасилство и љубов кон сите луѓе.

Иако темата за ставовите на Црквата против насилството е навистина опширна и бара една посебна студија, сепак, во овој труд би сакала да посочам неколку примери на дел од свештената ерархија на нашата Црква, во кои јасно е нагласена улогата на жената во Православната црква. Посочените омилии ги афирмираат жените како активни и рамноправни членови на црковната заедница кои подеднакво со мажите придонесуваат за благосостојбата на Црквата и општеството.

Така на пример, за улогата и местото на православната жена во животот на Црквата можеме често да прочитаме во омилиите на нашиот архиепископ Охридски и Македонски и на Јустинијана Прва г. г. Стефан. Уште во самиот почеток на една од неговите омилии, архиепископот ја нагласува улогата на жената не само во црковниот живот, туку и во општествениот. Понатаму, архиепископот со воодушевување раскажува за храброста на жените - храброст којашто ја покажале при најтрагичните моменти во животот на нашиот Спасител Господ Исус Христос. Преку овој чин, жените ја потврдиле својата преданост кон вистината и правдата. Во словото на архиепископот може да се прочита и за важноста на жената за Македонската православна црква – Охридска Архиепископија. Согласно зборовите на архиепископот, на нас спасоносното миро ни се предава преку богобојазливата Лидија, која се покрсти и дозволи нејзиниот дом да стане прв храм на Балканот (спореди: Архиепископ Стефан, 2019, 52 и 54).

Улогата на жените во воспитувањето на своите деца во духот на христијанската вера е неоспорен. Тоа ни го нагласува и архиепископот. Тој дава примери од житијата на светите, преку кои може да се забележи значајната улога на жената, истакнувајќи ги житијата на оние жени кои се удостоиле да станат светителки, како и на оние кои се по достоинство рамни на апостолите. Во продолжение, архиепископот проповеда и за македонските мироносици - жените кои деноноќно му се молат на Бога и кои се активни учеснички во секојдневниот богослужбен живот во Македонската православна црква (исто, 55).

Исклучително важно за Македонската православна црква е и писанието на митрополитот г. Наум, кое е напишано само неколку години откако владиката се врати од Света Гора. Во неговото духовно размислување „За свештенството на жената“ можеме да прочитаме автентични христијански ставови за улогата на православната жена, кои произлегуваат од неговото лично искуство со црковната заедница. Важно е да се напомене, дека владиката Наум пишува револуционерни пасуси во кои од аскетско-теолошки аспект е претставена жената како образ Божји. Станува збор за временски период, во кој ретко можеме да најдеме списи кои го разработуваат теолошкиот аспект на улогата на жената во Православната црква. Во неговите дела може да се увидат двата аспекти на односот помеѓу мажот и жената: односот во рајот, пред прворoдниот грев и односот во овој свет, откако се случил прворoдниот грев на Адам и Ева (спореди: Митрополит Наум, 2002, 161). Во продолжението на своето духовно слово, владиката пишува за уште една интересна релација. Тоа е релацијата помеѓу љубовта и ерархијата. Владиката, користејќи се со духовното предание на Православната Црква поучува дека таму каде што постои љубов, нема потреба од никаква ерархија (исто, 162).

Важно е да се нагласи дека во омилиите на архиепископот и митрополитот не недостасува ниту догматскиот аспект кој ја потврдува улогата на православната жена во Црквата. Во омилиите е нагласена улогата и важноста на Богородица - новата Ева, за православната теологија. Имено, во православната теологија, освен типолошката поврзаност помеѓу Христос и Адам, постои иста ваква типолошка поврзаноста на Богородица со Ева. Христос ни е претставен како Нов Адам бидејќи преку Него ни се раѓа нова генерација на човештво, генерација којашто има можност за нова шанса. Ова ново творение има можност преку Богородица – Новата Ева, којашто покажа послушание и покорност кон Бога, да ги оттргне оковите во кои се наоѓаше човештвото поради непослушанието и самоволието на првата Ева (Matzarioti-Kostara, 2017).

Како што црковните лидери јавно ја нагласуваат важноста на улогата на жената во Црквата и општеството, сметам дека е важно уште погласно и отворено да го осудуваат секој вид на насилство врз жените, за да им стане јасно на верниците дека тоа е неприфатливо ни во овој свет, ниту во Царството Божјо. Така активно ќе придонесат да се

стави крај на молкот што дополнително ги обесхрабрува жените кои трпат насилство. Кога за родово базираното насилство и насилството врз жените се молчи, се зајакнува идејата дека е тоа нормално и прифатливо само затоа што е затоа што е честа појава.

**Заклучни размислувања**

Религијата е лична и институционална реалност во животот на поголемиот дел од населението, па не е изненадувачки што религиозното учење обезбедува значаен контекст за многу жени кога станува збор за искуствата на виктимизација како последица на родово базираното насилство. Преку текстови, традиции, учења и доктрини, црквите и верските заедници ги пренесуваат вредностите и системите на верување на своите верници. Религиозните текстови и учења можат да послужат како ресурси за спречување на насилството врз жените, но тие исто така можат да им помогнат на жените кои доживеале насилство да најдат сигурност и поддршка во процесот на лекување.

Меѓутоа, религијата исто така може да се злоупотреби за да се оправда или одобри насилното однесување. Жените-вернички, но и жените кои не се вернички, а трпат насилство треба да имаат пристап до ресурси за застапување, засолниште во заедницата, поддршка и советување. Црквите и верските заедници можат да придонесат за заштита на жртвите преку информации, засолниште, поддршка, утеха и заштита. Од друга страна, црквите и верските заедници се должни да го кренат својот глас против насилството, бидејќи тоа е во спротивност со сето тоа што претставува основа на христијанството, но и етика на другите религии: љубов, почитување, взаемно уважување и прифаќање, соработка и правење добри дела.

Верските лидери можат да ги искористат своите позиции за да помогнат во обликувањето на дебатата за прашања поврзани со насилството врз жените. Исто така, императив е секуларните застапници и советници да го земат предвид религиозниот идентитет на жените кои искусиле родово базирано насилство и да допрат до свештенството за да најдат ресурси за застапување на тие жени. Кога Црквата и верските заедници се

„некој“ кој со својот капацитет и неприкосновен авторитет спречува насилство, тоа е мисија на која и се радува и небото и земјата!

Внимателно истражувајќи ја литературата за тоа како може Црквата да придонесе во превенција на насилството врз жените, ги предлагам следните насоки:

Првата се однесува на свештенослужителите и тоа е информацијата: нејзиното отсуство, како и неможноста да се препознаат знаците на насилство, го зголемуваат ризикот за насилство врз жените. Втората насока е, како што е наведено погоре, да се стави крај на молкот со отворено покренување на ова прашање заедно со верниците, слушање на жртвите и нудење поддршка од Црквата. Трето, потребна е максимална духовна поддршка за жените, децата, старите и изнемоштени лица кои се подложени на семејно насилство како едно од видовите на родово базирано насилство. Четврто, големо внимание треба да се посвети на превенција од насилство врз жените. Црквата, во соработка со државните институции, да се заложи за развој на програми насочени кон промена на преовладувачкиот менталитет што води кон перцепција на семејното насилство како нормално само зато што е многу честа појава. Верувам дека црковните лидери, како обзнанувачи на божественото учење во современото општество, а преку нивниот авторитет во истото, можат да помогнат да се надмине родово базираното насилство врз жените кое сè уште претставува сериозен општествен проблем.

На крајот би сакала да нагласам дека спречувањето на насилство единствено е возможно со воспитување во духот на ненасилство во семејствата и во училиштето и во општеството како целина. Христијанската етика, како основа на таквото воспитување може многу да придонесе било да се работи за воспитувањето на децата во семејството или преку изучување на вредности кои се во интерес на едно ненасилно и недискриминирачко општество.

# THE CONTRIBUTION OF THE CHURCH IN PREVENTING GENDER-BASED VIOLENCE AGAINST WOMEN


## Abstract

Orthodox Christian doctrine points to the full equality of males and females in terms of status, worth and dignity (Gen. 1:26-28; Gal. 3:28). However, the abuse of patriarchal cultural stereotypes throughout history and to this day provides the basis for gender-based violence against women, and at the same time for its justification. Such practices are the result of custom and tradition. They are not based on authentic Orthodox doctrine.

In this paper, the Christian-anthropological method, the method of proof, as well as the historical method were used, which gave the opportunity to observe the problem from different aspects: cultural, religious, and socio-political. Furthermore, through the use of the analytical method, the origin and development of gender-based violence against women are analyzed and suitable alternatives are proposed as a possible contribution of the Orthodox Church in the prevention of this type of violence.


**Keywords:** violence against women, gender stereotypes, patriarchy, religion, Orthodox Church, Orthodox doctrine.

## *Библиографија*

Anić R. (1990). Žena – slika Božja. Bogoslovska smotra, Vol. 60, No. 3-4.

Anić R. (2010). Demitologizacija nespojivosti ljubavi I nasilja u obiteljskom kontekstu: Teološki pristup. Crkva u svjetu, 45, br. 2.

Bahlieda R. (2015). The Legacy of Patriarchy in The Democratic Gulag: Patriarchy, Leadership & Education. Peter Lang AG, Vol. 488, pp. 15-67.

Behr J. (2017). Reading Scripture, https://publicorthodoxy.org/2017/12/12/reading-scripture/, (Пристапено 07.09.2022).

Cornell D. G., Warren J., Hawk G., Stafford E., Oram G., & Pine D. (1996). Psychopathy of instrumental and reactive violent offenders. Journal of Consulting and Clinical Psychology, 64, 783-790.

Dietrich W., Mayordomo M. (2005). Gewalt und Gewlatüberwindung in der Bibel. Theologischer Verlag Zürich.

Fischer I. (Hg.). (2013). Macht – Gewalt – Krieg im Alten Testament. Herder.

Herghelegiu M. (2008). Rolle der Frau in der Orthodoxen Kirche. Evangelishe Akademie Bad Boll.

Johnson E. (2006). Die Weisheit ward Fleish und wohnte unter uns, во: Evangelishe Theologie, 66. Jahrgang.

Jovkovska A. (2021). Is There Discrimination Against Women by the Orthodox Church in the Republic of North Macedonia? Occasional Papers on Religion in Eastern Europe: Vol. 41; Iss. 6, Article 5.

Kizenko N. (2013). Feminized Patriarchy? Orthodoxy and Gender in Post-Soviet Russia. The University of Chicago Press, Vol.38, No.3.

Krug EG, Dahlberg LL, Mercy JA, Zwi AB, Lozano R, editors. World report on violence and health. Geneva: World Health Organization; 2002, https://apps. who.int/iris/bitstream/handle/10665/42495/9241545615_ eng.pdf;jsessionid=6AF40715A42C6BE90 0585F911E27836?sequence=1, (Пристапено 15.09.2022).

Lehner E. (2001). Männer an der Wende. Grundlagen kirchlicher Männerarbeit, Tyrolia Verlag, Innsbruck.

Magda K. (2020). Blessing the Curse. A Biblical Approach for Restoring Relationships in the Church. Langham Global Library. Carlisle, UK.

Matzarioti-Kostara S. (2017) The Theology of Gender – 6. The New Eve, https://pemptousia.com/2017/03/the-theology-of-gender-6-the-new-eve/, (Пристапено 03.11.2022).

Medved M. (2008). Nasilje u povijesti Kršćanstva, во: Riječki teološki časopos, br. 2.

Moga I. (2019). Jewish Elements in the Tradition of the Orthodox Church. A Contribution to Dialogue, во: Review of Ecumenical Studies. Sibiu.

Perović-Ivanović I. (2021). Rodno zasnovano nasilje. NVO Prima.

Rizk D. (2018). Жене за Цркву, https://publicorthodoxy.org/sr/2018/01/09/жене-за-цркву/?fbclid=IwAR1q5Qq07wi4hZXpPKQ6WMtawHx6vy8YXxpetHPH2efO0Nu-T6Kz294_CUU, (Пристапено 25.09.2022).

Sals U. (2006). Frau (AT), https://www.bibelwissenschaft.de/wibilex/das-bibellexikon/lexikon/sachwort/anzeigen/details/frau-at/ch/bb7f2695e38479e0340f9a7e69c02673/ (Пристапено 15.09.2022).

Sauca I., Mihoc V. (2022). Orthodox Reflections on the Way to Karlsruhe Christ's Love Moves the World to Reconciliation and Unity. World Counci of Churches.

Schüssler E. (1993). Searching the Scriptures Volume One: A Feminist Introduction, SCM Press.

Vasilevich N. (2016). Die Stille der Frauen am Heiligen und Großen Konzil, во: Panorthodoxes Konzil, Nr.11.

Vassiliadis P. (2017). The revival of the order of Deaconess by the Patriarchate of Alexandria, https://publicorthodoxy.org/2017/11/17/support-alexandria-deaconess/, (Пристапено 10.09.2022).

Архиепископ Стефан (2019). Слова за Словото. Том 2. Скопје.

Димитровска Н., Кочоска Е. (2022). Превенција на родово базирано насилство врз жени и девојки со попреченост. Скопје.

Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, Службен весник на РСМ, бр. 24, година 2021, https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/1a28a922f364401e94935d4d694b9d75.pdf, (Пристапено 11.08.2022).

Јефтић М. (2012). Феномен насиља у монотеистичким религијама, во: Српска теологија данас. Београд.

Митрополит Наум (2002). Слово од Водоча. Манастир Свети Леонтиј – Водоча.

ОБСЕ (2019) Истражување спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените во Северна Македонија, Благосостојбата и безбедноста на жените, Северна Македонија: Извештај од резултатите, https://www.osce.org/mk/secretariat/424409 (Пристапено 15.11.2022).

Папа Франциск (2020). Секое насилство врз жените е чин на хулење против Бога, https://www.vaticannews.va/mk/pope/news/2020-01/sekoe-nasilstvo-vrz-zenata-e-hulenje-na-boga.html, (Пристапено 23.09.2022).

Паскоска С., Петровска С. (2022). Сопругите – најчести жртви на семејно насилство,https://medium.edu.mk/master-casovi-za-mediumi-i-novinarstvo/soprugite-najcesti-zrtvi-na-semejno-nasilstvo/ (Пристапено 20.10.2022).

Патријарх српски Порфирије (2022, 10 октомври). Наше мајке и жене и сестре су светиња! Српска православна црква https://spc.rs/patrijarh-porfirije-nase-majke-i-zene-i-sestre-su-svetinja/, (Пристапено 15.11.2022).